Акционерско друштво за производство, трговија и услуги СОВРЕМЕН ДОМ
Бр. 02-587
16.12.2019 год.
ПРИЛЕП

**СОВРЕМЕН ДОМ АД ПРИЛЕП**
**БР.**
**16.12.2019**

Врз основа на член 344 став 1 од Законот за трговските друштва и членот 39 од Статутот на друштвото, Собранието на акционерите на Современ дом АД Прилеп, на седницата одржана на 16.12.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор на членови на Одборот на директори**

**Член 1**

За членови на одборот на директори со мандат во времетраење од 4 (четири) години се избираат:

1. Ацо Дудулоски со живеалиште на ул. Пролетерски бригади бр. 20 во Струга;

2. Коце Јанески со живеалиште на ул. 5 бр.10 во Мралино, Илинден (независен);

3. Жаклина Серафимовска со живеалиште на ул. Полог бр. 39 во Скопје.

**Член 2**

Одборот на директори на својата конститутивна седница да избере претседател и да назначи извршен член.

**Член 3**

На неизвршените членови на одборот на директори им следува паушал по состанок во нето износ од 3.000,00 денари.

Извршниот член на одборот на директори има право на плата и други права согласно закон и статут, а кои подробно ќе се уредат во Договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член.

**Член 4**

Се овластува регистрационен агент Јосиф Филиповски – адвокат од Скопје со канцеларија на ул. Васил Главинов бр. 3/5-4 во Скопје да поднесе пријава за упис на избраните членови на одборот на директори согласно оваа одлука во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување.

**Собрание на акционери,**
**Претседавач**

Акционерско друштво за производство, трговија и услуги • СОВРЕМЕН ДОМ Прилеп 1